# ОБЈАВЕН НОВ БРОЈ НА СПИСАНИЕТО „СТРЕМЕЖ“




Новиот број на списанието за литература, уметност и култура „Стремеж“ деновиве излезе од печат.

Во рубриката Поезија во вториот број на „Стремеж“ за 2020 година се објавени нови песни од Васил Тоциновски, Слободан Беличански, Марина Икономова-Шокева и хаику поезија од Пере Ристески.

Во рубриката Проза читателите можат да прочитаат куси прози од Митко Маџунков, Светлана Камџијаш, Ана Стојаноска, триптих раскази од Сашо Димоски и извадок од необјавениот роман „Деса“ на Ивана Трајаноска.

Во рубриката Нови гласови, „Стремеж“ во вториот број ја промовира поезијата на македонската авторка Мариета Дукиќ.

Во рубриката Препеви, преводи застапена е поезија од Васко Попа и од Новица Тадиќ во препев на Никола Маџиров, песни од албанскиот поет Ариан Лека во препев на Сашо Огненовски и песни од полската поетеса Кристина Домбровска препеани од полски на македонски од Звонко Димоски.

Во рубриката Критики, есеи, студии Љерка Тот-Наумова пишува за поетската збирка „Кристален дворец“ на Игор Поп Трајков, објавена е интерпретацијата на прозата „Последната новела“ на Тања Урошевиќ од страна на Елизабета Баковска, рецензијата на Марија Ѓорѓиева Димова за романот „Страв од варвари“ на Петар Андоновски, есејот на Добрила Грашеска за раскazите од „Приказни за краткоста“ на Габриела Стојаноска-Станоеска, осврtот на Елена Конеска за романот „Свинга на гневот“ од Жарко Кујунџиски и промотивната реч на Габриела Стојаноска-Станоеска за романот „Каде што реката го бакнува небото“ од Билјана Тинтоска.

Последната рубрика Драма, Театар го промовира драмскиот текст „Спортска му е мајката“- комедија од Сузана Ѓорѓиевска.

Списанието „Стремеж“ го издава Центарот за култура „Марко Цепенков“ од Прилеп со поддршка на Министерството за култура.